24881

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUM... PREDUZEĆE
NOVINSKO ... PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.

Isečak iz lista / Newspaper cutting: ВЕЧЕР СКОПЈЕ

1. FEB. 1979 , 4850, 14,

# МЕТАЛОТ ОТСТАПУВА ПРЕД ДРВОТО

## РАЗГОВОР СО НАСО БЕКАРОВСКИ, АКАДЕМСКИ СКУЛПТОР

Академскиот скулптор Насо Бекаровски спаѓа во редот на најталентираните македонски ликовни уметници од помладата генерација. Досега има приредено повеќе самостојни изложби, а негови скулптури од 1966 година се застапувани и на сите позначајни репрезентативни изложби на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. За врвни остварувања во областа на скулптурата добитник е на повеќе награди и признанија, а во 1974 година ја доби и наградата на ДЛУМ за скулптура „Нерешки мајстори".

Деновиве го посетивме ателјето на Насо Бекаровски што се наоѓа на улицата „Христијан Тодоровски — Карпош" бр. 86 во Скопје. Импровизираната ателејска просторија остава силен впечаток со работната атмосфера. Забележуваме дека омилениот материјал на Насо Бекаровски, швајсуваниот метал, во кој главно се изработени сите негови позначајни скулптури, е сè помалку присутен во ателјето, а на негово место се поприсутно е дрвото.

— Моментно, **ни рече Насо Бекаровски,** работам врз реализацијата на повеќе проекти. Досега, односно во изминатите десетина години, своите скулптури главно ги работев во швајсуван метал, но сега преминувам на изработка на скулптури во дрво што за мене претставува нова форма, нов третман, нов материјал, односно нова појдовна точка.

— Една од причините што се определувам за овој нов материјал, **продолжи Насо Бекаровски,** секако е и таа што металот како материјал диктира некои форми, додека дрвото дава поголеми можности за поразновидни форми во скулптурата. Во наредниот период повеќе ќе се ориентирам и кон создавање на скулптури во глина, односно во бронза, а во последно време секојдневна преокупација ми стануваат и цртежот и графиката. Сето ова ќе ми овозможи ликовните теми да ги предавам во три варијанти: цртеж, скулптура и графика, а тоа се совпаѓа и со мојот стремеж на идната самостојна изложба во целост да биде застапена мојата ликовна преокупација.



НАСО БЕКАРОВСКИ

**Т. Ширилов**